РЕ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 04-646/4
19.02. 2026 год.
ДЕЛЧЕВО


ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ул:,,Светозар Марковиќ,, бр. 1, Делчево
тел: 033/411-550 факс: 033/411 550
e-mail: info@delcevo.gov.mk
www.delcevo.gov.mk


Врз основа на член 48 став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 , 99/22, 208/24 и 210/24), како и член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување,начинот спроведување на административна селекција и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр.11/2015 , 35/2018 и 303/20), Општина Делчево објавува

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ – 01/2026

**за унапредување на 1 административен службеник во Општина Делчево на следното работно место**

1. **УПР0101Б04000, Раководител на Одделение за управување со човечки ресурси , 1(еден) извршител;**

➢ **Општи услови за работното место**
-да е државјанин на Република Северна Македонија;
-активно да го користи македонскиот јазик;
-да е полнолетен;
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна за забрна на вршење професија,дејности или должност.

➢ **Посебни услови за работното место**
- ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку **240 кредити** стекнати според ЕКТС или завршен **VII/1** степен **– Научно истражувачко подрачје:Општествени науки,**
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

➢ **Потребни општи работни компетенции:**
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
  стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење и
- финансиско управување

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Општина Делчево, кој ги исполнува општите и посебните услови и работни компетенции пропишани во Законот за административни службеници и актот за систематизација,за звањето за кое се објавува огласот како и да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување, да е на работно место кое согласно актот за систематизација е на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас , да поминал најмалку две години на тековното работно место и да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Распоред на работно време

- - **Работни денови** понеделник - петок
- - **Работни часови неделно** 40
- - **Работно време од** 7:30 **до** 15:30

Паричен нето износ на плата: **46.340,00 денари**

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета **Пријава** и докази за податоците содржани во пријавата преку Архивата на Општина Делчево до Градоначаникот на Општина Делчево и до службената електронска адреса на Општина Делчево:**info@delcevo.gov.mk**.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови,можат да ги приложат и следните докази:

-потврди за успешно реализирани обуки и/или
-потврди за успешно реализирано менторство.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето во Архива на Општина Делчево на ул: Светозар Марковиќ р.1 Делчево.

Рокот за пријавување изнесува **5 денови**, сметано од денот на објавувањето на огласот на интернет страницата на Општина Делчево. По истекот на рокот за пријавување, огласот ќе биде отстранет од интернет страницата на Општина Делчево.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Пријавените кандидати на интерниот оглас, ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја следна фаза од постапката за унапредување на административен службеник.

Постапката за унапредување на административен службеник ќе ја води Комисија за селекција за унапредување, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Делчево. Постапката за унапредување на административен службеник се состои од две фази:

Фаза 1 - административна селекција .

Фаза 2 – интервју

**НАПОМЕНА:**

Лицата кои дале лажни податоци се запишуваат во Регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор. Истите не можат да се вработат во јавен сектор во период од десет години од денот на утврдувањето дека доказот е лажен.

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
Градоначалник
Иван Гоцевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО